# СЛУЖБЕ Н Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 11**<br><br>**08.10.2021** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10,08/14 ,02/18 и 03/2019),Одлуката за востановување општински признанија и награди бр,07-2173/15 од 26.08.2011 година ,Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување општински признанија и награди бр.07/2457/25 од 30.09.2011 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување општински признанија и награди бр. 09-1829/19 од 25.06.2018 година, а по предлог на Одбор за доделување на награди и признанија, Советот на Општина Крива Паланка на свечената седница, одржана на 07.10.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2021 година**

**Член 1**

Наградата „8-ми Октомври“ за 2021 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1. **Г-дин Бранко Павловски** од Крива Паланка за постигнати значајни резултати од областа на културата и музичката уметност .

**Член 2**

Наградата „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ за 2021 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1. **Г-дин Милан Предан –амбасадор на Република Словенија во Република Северна Македонија** во знак на благодарност на граѓаните на Општина Крива Паланка за соработката помеѓу Општина Крива Паланка и Амбасадата на Република Словенија во Република Северна Македонија и нејзината посветеност во продлабочување на оваа соработка .

**Член 3**

Наградата **„**Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка “ за 2021 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1. **Оливера Јанковска од Крива Паланка** за особени заслуги во промоција ,афирмација и достојно преставување на Општината и Државата надвор од границите на Република Северна Македонија

**Член 4**

Благодарници во чест на празникот на Општината „8-ми Октомври“ за 2021 година се доделуват на:

1.„ **Дарко Пешовски** „ за заслуга и и огромна подршка справувајки се со проблемите на локално ниво , како и импементација на различни проекти од хуман карактер на територија на Општина Крива Паланка и пошироко .

2.„**Елена Николовска** „ за заслуга и високо одликување за нејзината работа и посветеноста во изучувањето на францускиот јазик, култура и воопшто на франкофонијата во РСМ

**3.„Михаела Алексовска„ за достигнување како кадетски репрезантивец во кошарка , прогласена за најдобар стрелец и добитник на признание најкорисен играч-МВП на „ ФИБА Челенџер турнир „ во Т'билиси Грузија .**

4.„**Биро за регионален развој Скопје„**- за добра соработка со Општина Крива Паланка.
5.„**Проектна Канцеларија на Светска Банка за локална и регионална конкурентност„ Скопје** за добра соработка со Општина Крива Паланка.
6.„**Министерство за финансии на Република Северна Македонија Единица за управување со проекти -Проект за подобрување на услугите на општината – MSIP** „ за добра соработка со Општина Крива Паланка.
7.„**Министерство за труд и социјална политика-ППСУ Скопје** „ за добра соработка со Општина Крива Паланка.
8.„**МПЦ –Кумановско Осоговска Епархија„** за добра соработка со Општина Крива Паланка
9.„**Здравствен дом „Др.Димитар Арсов „Крива Паланка** за добра соработка со Општина Крива Паланка
10.„**Здружение на пензионери„** Крива Паланка за добра соработка со Општина Крива Паланка

**Член 5**

Наградата од член 1 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета, парична награда во износ од 20.000 денари и благодарница.

Наградата од член 2 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета и благодарница.

Наградата од член 3 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета, парична награда во износ од 20.000 денари и благодарница.

**Член 6**

Средствата за доделување на наградата „8-ми Октомври“ и наградата „ Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка “ за 2021 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Крива Паланка.

**Член 7**

Наградите “8-ми Октомври„ ,“Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2021 година ќе се доделат на Свечената академија во чест на ослободување на Крива Паланка на 8-ми Октомври 2021 година .

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 -3075/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**07.10.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука**
**За доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2021 година**

1. Се објавува Одлука За доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2021 година, што Советот ја донесе на свечената седница, одржана на 07.10.2021 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3075/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**08.10.2021 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Ред.бр. **С О Д Р Ж И Н А** **страна**


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одлука За доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2021 година........................................................................................... | 1 |
| 2. | Заклучок за објавување на Одлука За доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2021 година................................................ | 3 |